РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
'ЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer 05-747/1
26.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1] и член 18 став 1 алинеја 11, а во врска со член 4 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" бр.24/03, 17/11 и 154/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21) и член 41 став 1 алинеи 1 и 8 и член 15 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-702/3 од 26.02.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 26.02.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Се усвојува Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со статус на правно лице со јавни овластувања, согласно позитивните законски прописи, има обврска да води сметководство, и по истекот на деловната година (што подразбира календарска година), да состави годишна сметка. Годишната сметка вклучува биланс на состојба, биланс на приходи и расходи, белешка за распоредување на резултатот и обрасци (ДБ - даночен биланс, ДЕ - посебни податоци за системот за државна евиденција за непрофитните организации и СПД – рекапитулар – структура на приходи по дејности).

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеја 10 и член 18 став 1 алинеја 11, а во врска со член 4 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации и член 41 став 1 алинеи 1 и 8 и член 15 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-702/3 од 26.02.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 8-та седница одржана на 26.02.2026 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**

Примерок од одлуката да се достави до:
- Секторот за финансии и логистика;
- Сектор за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).